РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 675
28.05.2026 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ број 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Сл. весник на РСМ број 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 28.05.2026 година, донесе:

# О Д Л У К А
## За давање Согласност на Одлука за утврдување на висината на надоместок за одржување на јавна чистота во градот

Член 1

Се дава Согласност на Одлуката за утврдување на висината на надоместок за одржување на јавна чистота во градот, број 02-543/7 од 20.05.2026 година, донесена од Управниот одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница, на седницата одржана на ден 20.05.2026 година и тоа:

1. Цена на одржување на јавна чистота
   Метеж на јавни прометни површини
   Категорија на корисници:
   - Правни лица 140 денари/месечно
   - Физички лица 75 денари/месечно

Надоместокот ќе се наплатува во сметките за комунални услуги кон граѓаните и правните лица (фирми и установи), месечно во форма на такса.

Член 2

Со денот на донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање Согласност на Одлука за утврдување на висината на надоместок за одржување на јавна чистота во градот, број 09-717 од 23.08.2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инж.Гоце Василев